**Жанета Савиќ, Скопје**

811.112.2'373.612.2:811.163.3'373.612.2
811.163.3'373.612.2:811.112.2'373.612.2

# ЛАВОТ И ЛИСИЦАТА. ЖИВОТИНСКИОТ СВЕТ КАКО МОТИВАЦИЈА ЗА СОЗДАВАЊЕ ГЕРМАНСКИ И МАКЕДОНСКИ НАЗИВИ НА ЛИЦА

Апстракт: За локусот на метафората денес знаеме неспоредливо повеќе од кога било претходно. Метафората не е лоцирана само во јазикот, таа е широко распространет феномен што ја опфаќа целата културна стварност – вклучувајќи ја и материјалната култура, како и физичките случувања: без метафора не би можеле да го разбереме светот во кој живееме. Истражувањето на метафората во последните речиси три века ја идентификувало во, меѓу другото, когницијата, културата. Когнитивната лингвистика и концептуалната теорија на метафората, развиени од Лејкоф и од Џонсон (1980), ја поставуваат метафората пред јазикот. Оваа теорија ја разгледува метафората не само како средство за укажување на сличностите меѓу различни ентитети, туку многу повеќе како средство за создавање, структурирање и за организација на стварноста. Во рамките на лингвистичките проучувања, досега не е направена детална и сеопфатна контрастивна анализа на германските и на македонските метафорични називи на лица од културнополитички, социолингвистички, психолингвистички, концептуален и од зборообразувачки аспект. Метафоричните називи на лица, посебно од гледиштето на когнитивната лингвистика, се сликовит приказ на јазичните специфики, на менталитетот, како и на културните сличности и разлики помеѓу народите. Впрочем, не е можно да се истражува нешто – било да се тоа култури, јазици, животни или камења – без да бидат земени превид културните особености на народите.

Клучни зборови: :когнитивна лингвистика, метафора, називи на лица, германски јазик, македонски јазик, животински свет

## 1. Метафората од гледиштето на когнитивната лингвистика

### 1.1. Традиционалната теорија на метафората

Традиционалниот концепт за метафората, според Кевечеш (Kövecses[2]2010, ix),може да се карактеризирапреку прикажување на неговите пет најприфатени белези:(1) метафората е карактеристика на зборовите; таа е јазичен феномен: метафоричната употреба на лавот е карактеристика на еден јазичен израз (на зборот *лав*);(2) метафората се користи за уметнички и за реторички цели; (3) метафората се базира на сличноста меѓу двата ентитета што се споредуваат и се идентификуваат; (4)метафората претставува свесна и намерна употреба на зборови и мора да се има посебен талент за да се користи;(5) општо е прифатено дека метафората е јазичен израз што не е неопходен; ја користиме за постигнување специјални ефекти, но таа не мора да е составен дел од секојдневната

комуникација, а особено од секојдневните обрасци на размислување (сп. Kövecses[2]2010, ix и понатаму).

### 1.2. Когнитивнолингвистичкото гледиште за метафората

Едно ново гледиште за метафората, кое на кохерентен и систематичен начин ги предизвикува наведените аспекти на традиционалната теорија, е развиено најпрво од Џорџ Лејкоф и од Марк Џонсонво нивната револуционерната студија *Metaphors We Live By*од 1980 година. Нивната концепција станала позната како *когнитивнолингвистичко гледиште за метафората*. Лејкоф и Џонсон го предизвикале дотогашното длабоко вкоренето поимање на метафората со тоа што тврделе дека:(1) метафората е карактеристика на концепти, а не на зборови; (2) функцијата на метафората е да помогне при разбирањето на одредени концепти, значи, таа нема само уметничка или естетска цел;(3) метафората често не се базира на сличност;(4) метафората без големи тешкотии се употребува во секојдневието, и тоа од страна на „обични", а не само на посебно талентирани луѓе;(5) метафората не е одвишен, но допадлив јазичен украс, туку е неизбежен процес во човековата когниција (сп.Kövecses[2]2010, x).

## 2. Германски и македонски метафорични називи на лица создадени врз база на животински именски концепти

### 2.1. Терцијарна денотација

Луѓето се денотираат заради комуникациски цели. Денотацијата може да биде примарна – со лични имиња (*nomina propria*: мак. *Петар*, герм. *Peter*), и секундарна – со генерички називи (*nomina appelativa*: мак. *дама*, *бездомник*;герм. *Dame*, *Obdachloser*). Но, кога треба да се вербализираат упадливи белези на лицето (носителот на името/називот),денотацијата може да биде индиректна или терцијарна (преку*tertium comparationis*, значи преку заеднички значенски елемент, заедничка сема(сп. Simoska 2013, 190):

- мак. *(страшлив) зајак*, герм. (*Angst*)*Hase*/*Hasenfuß*(‘зајачко стапало’)[1]/*Hasenherz*(‘зајачко срце’) →‘страшлив човек’;[2,3]
- мак. *змија*, герм. *Schlange*→‘злобна, подмолна личност, најчесто од женски пол’;

---

[1] Буквалниот превод е наведен во загради.

[2] Значењата на зборовите, и буквалните и фигуративните/преносните, се преземени предимно од *ДУДЕН ОНЛАЈН*, односно од *Дигиталниот речник на македонскиот јазик*.

[3] Сп. и: мак. *Плашлив како зајак*, герм. *Wie ein Kaninchen vor der Schlange stehen*(‘стои како зајче пред змија’) (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

- мак.*куче*/*пес*, герм. *Bluthund*/*Schweinehund*/*Sauhund*/*Misthund*→'никаквец, проклетник'.[4]

Во овој случај станува збор за сликовит трансфер кон друга област (мак. *свиња*, герм. *Schwein* (домен: животинскиот свет)→'валканчовек' (домен: светот на луѓето). Сепак, не е секогаш лесно да се открие и да се идентификува заедничкиот елемент.Ако една личност, на пример, е наречена *свиња*/*Schwein*поради начинот на кој постапува/размислува, изворот на споредбата – заедничката сема, е друга, повторно врз база на стереотипни карактеристики (сп. и *змија*/*Schlange*→'злобна жена' наспрема герм.*Schlangenmensch*'човек како змија'→'акробат кој е еластичен како змија'[5]).Во овој контекст може генерално да се зборува за промена на првичната семантика на зборот и со тоа за создавање на ново значење на постојниот гласовен комплекс (зборот). Значенските структури на зборовите, значи, се прошируваат (сп. Саздов 2004, 48).

**2.2. Зборообразувачки структури**

Метафоричните називи на лица и во германскиот и во македонскиот јазик можат да бидат во форма напрости и изведени зборовни единици, на пример, мак. *лисица*, герм. *Fuchs* → 'човек со карактеристики типични за лисицата: итар/црвенокос човек', како и во форма на зборообразувачки концепти, што е посебно карактеристично за германскиот јазик (сп. Simoska 2013,189). Сп. и:

- герм. *Aasgeier*,мак. *мршојадец* →'човек што напаѓа слаби, беспомошни';
- герм. *Arbeitsbiene*, мак. *вредна пчеличка*, → 'вредна личност, најчесто жена';
- герм. *Dickhäuter*, мак. *дебелокожец*[6]→ 'бесчувствителен човек';

---

[4] Може да се заклучи дека и во двата јазици доминира негативниот однос кон кучињата, иако и во двете култури се сметаат за најдобар пријател на човекот. И покрај нивната верност и љубов кон сопственикот, најчесто се карактеризираат негативно и потценувачки (сп. Мирчевска-Бошева 2022, 249).
Кучето, дополнително, е и една од најзастепените анимални лексички единици во народните пословици и поговорки во германскиот и во македонскиот јазик (сп. Kuzmanovska/Kirova 2022, 105). Сп.: мак. *Води кучешки живот* – герм.*Ein Hundeleben führen*; мак. *Кучињата кои лаат не касаат* – герм. *Hunde, die bellen, beißen nicht* (Кузмановска/Петковска 2012, 152).

[5] Герм. *Menschenschlange*'змија од луѓе'→ 'долга редица луѓе што чекаат'.

[6] Овие егзоцентрични сложени именки се синтетички. Кај синтетичките сложени именки референтот е во посесивна релација со деривациската база, која претставува комбинација на карактеристики изразени преку придавката и именката. Посесивната релација меѓу композициските членови е речиси регуларен однос на егзоцентричните сложени именки вогерманскиот и во македонскиот јазик (сп. Симоска 2010, 193).

- герм. *Schlaufuchs*,мак. *ишра лисица,* →‘итар човек’, герм. *Rotfuchs*(‘црвена лисица’) → ‘црвенокос човек’.

Во германскиот јазик се застапени и сложени именки чие единствено значење е ‘човек’[7]:

- *Ballettratte*(‘стаорец што игра балет’)→‘млада балерина што не е докрај обучена’, *Leseratte* (‘стаорец што чита’)→ ‘човек што често и со задоволство чита’, *Spielratte*(‘стаорец што си игра’)→ ‘дете што често и со задоволство си игра’;
- *Bücherwurm* (‘црв во книги’) → ‘човек што често и со задоволство чита’, *Erdenwurm* (‘црв во земја/почва’) →‘човекот како минлив, незначаен дел од природата’, *Unglückswurm* (‘несреќен црв’) →‘човек што го следи лоша среќа’;
- *Frechdachs* (‘дрзок, безобразен јазовец’) → ‘дрско, безобразно дете’;
- *Frontschwein*(‘свиња на фронт’) → ‘војник на фронт‘;
- *Gewohnheitstier* (‘животно што има некакви навики’) → ‘личност што не сака промени и чијшто начин на живот е обликуван од одредени навики’;
- *Gummilöwe*(‘гумен лав’) → ‘навидум застрашувачки, а всушност безопасен противник’, *Partylöwe* (‘лав што се забавува’) → ‘човек што често и со задоволство се забавува’, *Salonlöwe* (‘лав во салон’) → ‘елегантен, негуван маж чија главна цел е да биде во центарот на вниманието на жените’;
- *Hupfdohle* (‘чавка што потскокнува’) → ‘танчарка’;
- *Küchenbulle* (‘кујнски бик’) → ‘главен готвач во голема кујна, кантина’;
- *Naschkatze*(‘мачка што си грицка/поткаснува’) → ‘човек што често и со задоволство си поткаснува’;
- *Pistensau*(‘свиња на писта‘) → ‘невнимателен скијач’;
- *Pomadenhengst* (‘пастув што користи помади’) → ‘човек што си ја третира косата со помади и слични козметички средства’;
- *Schluckspecht* (‘клукајдрвец што голта’) → ‘човек што често и со задоволство пие алкохол’;
- *Spaßvogel* (‘птица што се забавува’)→ ‘човек што сака шеги и забава’, *Unglücksvogel*/*Pechvogel*(‘несреќна птица’) → ‘човек што го следи лоша среќа’;

[7] Првобитната класа референти е сосем напуштена (сп. Simoska 2012, 30), мотивираноста, сепак, останува видлива.

- *Treppenterrier* ('териер на скали') → 'човек што заради професијата често користи скали';
- *Unglücksrabe* ('несреќен гавран') → 'човек што го следи лоша среќа';

и многу други, чиј целен домен е само светот на луѓето.Ова не е случај, на пример, кај:

- *Arbeitspferd*('коњ што врши некаква работа')→'коњ впрегнат за некаква работа' (домен: животинскиот свет); →'многу вреден човек' (домен: светот на луѓето)[8];
- *Brillenschlange*('змија со очила')→'змија со шара налик на очила' (домен: животинскиот свет); →'жена што носи очила' (домен: светот на луѓето);
- *Holzwurm*('црв во дрво/дрвен мебел') → 'црв во дрво/дрвен мебел' (домен: животинскиот свет); → 'столар' (домен: светот на луѓето);
- *Schnatterente*/*Schnattergans*('пајка/гуска што гака')→'пајка/гуска што гака' (домен: животинскиот свет); →'личност што постојано зборува/дрдори' (домен: светот на луѓето).

Во овие примери главното значење е 'животно', а споредното 'човек'. Освен тоа, кај називите на лица со форма на сложенки, предимно втората компонентагоноси метафоричното значење, на пример:

– герм. *Nackt<u>frosch</u>*('гола жаба')→'мало голо дете';
– герм. *Streit<u>hahn</u>*/*Kampf<u>hahn</u>*('петел што се расправа/се тепа')→'кавгаџија'[9].

Исклучоци би биле сложените именки како:

– герм. *<u>Frosch</u>mann*('жаба-човек')→'нуркач';
– герм. *<u>Raben</u>eltern*('гавран-родители')→'родители што си ги запоставуваат своите деца';
– герм. *<u>Sau</u>kerl* ('свиња-момче')→'злобно момче'итн.

**2.3. Значење и употреба**

Кај пејоративните метафорични називи на лица, елементите на значење се, се разбира, негативни, но дали се навистина инхеренти на односното животно, фактички, не е релевантно (сп. Havryliv2009, 49). А поради разликата во културните фактори, етничките карактеристики, различните светогледи и литературни извори, многу зооними/зооморфирзми[10] содр-

---

[8] Сп. и: мак. *Работи како коњ*, герм. *Wie ein Pferd arbeiten*; мак. *Најдобар коњ во шталата*, герм. *Das beste Pferd im Stall sein* (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

[9] Сп. и: мак. *Се дуе ко петел на буниште*, герм. *Der Hahn im Korb* ('петел в кошница') (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

[10] Солнцева (2004) предлага лексемата *зооним* да се користи како надреден поим за *зоосемизам* (сопствено име на животно) и *зооморфизам* (метафориска варијанта

жат одреден елемент на значење што е разбирлив само за носителите на таа јазична култура (сп. Мирчевска-Бошева 2021, 305). Значи, едно животно во различни јазици може да асоцира на различни карактеристики, за што можеме да наведеме неколку примери:

– Рибата во германскиот јазик (сп. *ein kalter Fisch*‘ладна риба’) се поврзува со бесчувствителна личност, а *Blindfisch*‘слепа риба’– со личност што не може да види/да согледа нешто што е очигледно. Со*Backfisch*‘печена риба’, пак, се именуваат незрели личности од женски пол. Во македонскиот јазик со терминот *риба* се именуваат атрактивни личности, повторно од женски пол. Но, во еден поширок контекст повторно наидувамена истото преносно значење на овој назив на животно: сп. мак.*големите риби*– герм. *große Fische*→‘богаташи и моќници’,или спротивно: мак. *ситни риби*– герм. *kleine Fische*со значење ‘личности со мало значење/вредност’.

– Црвот (герм. *Wurm*)како назив на лице во германскиот јазик означува мало, беспомошно битие, најчесто дете, кому му е потребна помош. Во македонскиот јазик значењето ‘беспомошно дете’ е исто така застапено, но со зборот*црв*како назив на лице се именува најчесто возрасен човек кој е карактеризира како слабак, дури и штетник. Во германскиот јазик со слично значење се употребува, меѓу другите, називот на инсект *Wanze*(‘стеница’).

– Со *молец* (*Motte*) во германскиот јазик се именуваат млади, весели жени и луѓе што се секогаш подготвениза забава и за шеги. Во македонскиот јазик преноснотозначење на овој назив на инсект е целосно негативно. Имено, со него се означува човек што постојанододева со некакви барања. Во овој контекст би било интересно да се спомене и синтагмата *книшки молец*(герм. *Lesemotte*), која означува инсект што се храни со хартија, со книги, односно ги оштетува книгите (лат. *Lepisma saccharina*), но го има и фигуративното значење ‘човек што сака да чита, што постојано чита, што има големо знаење’.

– Пајакот во македонскиот јазик го има фигуративното значење ‘жесток експлоататор’, а пак во германскиот јазик (*Spinne*) се употребува за именување злобни, грди лица од женски пол.

---

проектирана од човекот) (цитирано според Мирчевска-Бошева 2021: 306).
*Зooним* според Кузмановска/Петковска (2012, 152) е назив и за фразеологизмите во кои како основна компонента се јавува животно. „Преку ваквите фразеологизми т.н. зооними може да изразат карактерните особини на човекот, како што се, мудроста, итрината, силата, храброста, работливоста, мрзливоста и др., со тоа што најчесто се прават споредби меѓу соодветното животно и човекот.“

– Во германскиот јазик *Sündenbock*‘грешен јарец’се употребува за човек кому постојано му се префрла вина за нешто. Во македонскиот јазик оваа личност се именува и како*жртвен јарец*, но и како*жртвено јагне*. Интересно е што јагнето е компонента во германската сложенка *Unschuldslamm*(‘невино јагне’), која е назив за личност што не е во состојба да нанесе зло некому зло, или, иронично, за личност што се прави „невина како јагне“, иако не е тоа.Јагнето (*Lamm*), пак, и во двата јазика е асоцијација за кротки, мирни личности.[11]

– Луѓето што учествуваат или се вклучени во некаков опит или експеримент, во германскиот јазик се споредуваат со зајчиња (сп. *Versuchskaninchen*/*Versuchskarnickel*‘експериментални зајчиња’), а во македонскиот,главно,со глувчиња (сп. *експериментални/лабораториски глувчиња*).

**2.4.*ЖИВОТНИТЕ СЕ ЛУЃЕ***

Лејкоф и Џонсон (Lakoff/Johnson 1989, 193) со право заклучуваат дека токму животинскиот свет е една од најсофистицирано структурираните области во кои нечовечкото го разбираме во однос на човечкото. Во оваа област располагаме со добро разработени шеми што ги карактеризираат животните и, по правило, нивните карактеристики ги разбираме метафорично, поврзувајќи ги со карактеристиките на човекот: свињите се валкани, неуредни и неучтиви; лавовите се храбри и благородни; лисиците се итри; волците се свирепи и крволочни; горилите се агресивни и насилни. Овие искази се метафорични и содржат конвенционализирани инстанци на метафората на Големиот синџир(сп. Kövecses[2]2010), според која, карактеристиките на нештата што се подолу во синџирот (на пример, животните) се восприимаат како човечки. Народните верувања за особините на животните се сами по себе метафорични: ги сфаќаме како што го сфаќаме човековиот карактер. Размислуваме за животните, реагираме на нив и ги третираме како да се личност со одредени карактеристики. Но животните дејствуваат инстинктивно и различни видови животни имаат различни видови инстинктивно однесување. Тоа однесување го прифаќаме како човечко и го користиме јазикот со кој ги опишуваме човековите карактерни особини за да го опишеме. Разумноста, лојалноста, храброста, неучтивоста, одговорноста, колебливоста се човечки особини и кога им ги припишуваме на животните, почнуваме метафорично да размислуваме за нив. За нас е толку вообичаено да ги сфаќаме нечовечките атрибути во однос на човечките што често имаме тешкотии

---

[11] Сп. и: мак. *Кроток како јагне*, но герм. *Stumm wie ein Fisch sein* (‘нем како риба’), англ. *To be as quiet as a mouse* (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

да ја препознаеме таквата карактеризација на животните како метафорична. Лејкоф и Тарнер (Lakoff/Turner 1989, 194) како пример ја земаат храброста која им ја припишуваме, меѓу другите, на лавовите. Имено, човековата храброст изискува свесност за постапката, морален суд, кој значајноста на дејството ја става пред опасноста, и свесна волја да се спроведетоа во дадените услови. А ние знаеме дека лавовите не поседуваат капацитет да расудуваат морално, ниту се способни да ја разграничат личната опасност од моралната коректност. Лавовите се однесуваат така како што се однесуваат инстинктивно, но ние нивното дејствување го разбираме, генерално, како продукт на карактерните особини на еден човек. И Кевечеш(Kövecses²2010, 152) го сопоставува човечкото однесување со она на животните во својата теорија на Големиот синџир на постоењето: луѓето им припишуваат човечки особини на животните, за потоа да ги проектираатповторноврз човекот со помош на метафората *ЖИВОТНИТЕ СЕ ЛУЃЕ*. Преку проекцијата инстинкт = карактер, инстинктивното, нагонското однесување се доведува во врска со карактерните (свесните, инхерентните) карактеристики (сп. Новокмет 2016, 368, цитирано според Мирчевска-Бошева 2022, 244).Во овој контекст може да се искористи уште еден пример од Лејкоф и Тарнер (Lakoff/Turner 1989, 195): *Ахил е лав*.[12]Овој пример го отсликува конвенционалното гледиште за одредено однесување на лавот врз база на тоа што се подразбира како храбро постапување кај човекот.Говорителите не забележуваат дека оваа карактеризација на инстинктивното однесување на животните се базира врз човечки карактеристики, односно врз јазичната реализација на онтолошката концепција на метафората *ЖИВОТНИТЕ СЕ ЛУЃЕ*. Наместо да се користи исказот *Ахил е храбар*, најпрво на лавот му се припишува човечка карактеристика (односно однесувањетона лавот се објаснува преку типична човечка особина), а потоа човечкото однесување се доведува во врска со однесувањето на животното преку метафората на Големиот синџир. Следствено, човечкатакарактеристика се проектира повторноврз човекот.

### 2.5. *ГЛУПАВИТЕ ЛУЃЕ СЕ ДОМАШНИ ЖИВОТНИ*

Кај називите на животни доминираат денотациите, значи основните, конвенционалните значења, а кај називите на лице што настанале од нив – конотациите, придружните асоцијативни значења (сп. Braun 1997, 123). И во германскиот и во македонскиот јазик во овој контекст најзастапени се домашните животни:

[12] Сп. и: мак. *Се бори како лав*, но герм. *Kämpfen wie ein Tiger* (‘се бори како тигар’), англ. *Fight like a Trojan/tiger* (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

мак. *вол*, герм. *(Horn)Ochse*[13];
мак. *коза*, герм. *Ziege/Zicke*;
мак. *крава*,герм. *Kuh*
мак. *куче/пес*, герм. *(Blut- /Schweine-/Sau-/Mist-)Hund*;
мак. *магаре*, герм. *Esel*[14]*;*
мак. *овца*, герм. *Schaf*[15];
мак. *прасе/свиња*, герм. *Ferkel/Schwein/Sau*[16];
мак. *теле*, герм. *(Mond)Kalb*;

Сите наведени примери се со пејоративно значење –‘глупав/наивен/тромав/валкан човек’, според метафората *ГЛУПАВИТЕ ЛУЃЕ СЕ ДОМАШНИ ЖИВОТНИ*. Од ова може да се заклучи дека и за двата народа е заедничко тоа што споредбите и трансферите настанале примарно во руралната култура. Браун (1997, 126) истакнува една литературноисториско-фолклорна теорија, според која животинските конотации и нивната податливост за трансфер во друг домен се прошириле токму преку народната книжевност, значи преку басните, преданијата, бајките, поговорките итн.

### 3. Заклучок

Контрастивната анализа на метафоричните називи на лица врз база на животински именски концепти во германскиот и во македонскиот јазик нè доведе до следниве заклучоци:

Во македонскиот јазик називите на лица мотивирани од животинскиот свет се во најголем број во форма на прости и на изведени зборовни единици (*куче*, *лисица*), додека пак за германскиот јазик се карактеристични големиот број сложени именки (*Arbeitsbiene*, *Schlaufuchs*).

Во германскиот јазик се застапени сложени именки мотивирани од животинскиот свет чијшто единствен референт е човекот (*Ballettratte*, *Gewohnheitstier*). Во досегашната анализа ова не беше констатирано и во однос на македонскиот јазик.

И во германскиот и во македонскиот јазик метафоричните називи на лица мотивирани од животинскиот свет имаат, главно, пејоративно значење, и тоа, пред сè, во доменот на домашните животни, во согласност

---

13 Сп. и: мак. *Работи како волот за слама*, герм. *Für Groschen arbeiten*(‘работи за грош’) (сп.Кузмановска/Петковска 2012, 153).

14 Сп. и: мак. *Тврдоглав како магаре на мост*, герм. *So störrisch wie ein Esel*(сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

15 Сп. и: мак. *Црна овца во фамилијата*, герм. *Das schwarze Schaf (in der Familie)* (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

16 Сп. и: мак. *Јаде како прасе*, герм. *Fressen wie ein Schwein* (сп. Кузмановска/Петковска 2012, 153).

со метафората *ГЛУПАВИТЕ ЛУЃЕ СЕ ДОМАШНИ ЖИВОТНИ* (мак. *свиња*, *магаре*; герм. *Schwein*, *Esel*).

Кај најголемиот дел од анализираните називи на лица беа утврдени идентични или слични значења и употреба и во германскиот и во македонскиот јазик, што упатува, меѓу другото, и на заеднички културни и менталитетски специфики на народите. Сепак, беа идентификувани и животински именски концепти што во набљудуваните јазици побудуваат (делумно) различни конотации или придружни асоцијативни значења (*риба–Fisch*,*црв– Wurm*,*молец–Motte*).

**Користена литература**


*Речници*

Дигитален речник на македонскиот јазик. URL: https://www.drmj.eu/.

Dudenredaktion (Hrsg.) (2022): Duden Online. URL: https://www.duden.de/.

*Литература на кирилица*

Кузмановска, Д. / Петковска, Б. 2012.„Именските фразеологизми со компонентата зооними разгледувани во македонскиот, германскиот и англискиот јазик“. *Годишен зборник 2012*. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

Мирчевска-Бошева, Б. 2021. „Зоонимната фразеологија и надворешниот изглед на човекот(на материјал од македонскиот јазик).*SlavVaria 1/2021*. Pécs: Universitas Quinqueecclesiensis: 305-314.

Мирчевска-Бошева, Б. 2022. „Гневот низ призмата на зоонимната фразеологија во македонскиот и во рускиот јазик“.*Slavistična prepletanja 1*.Марибор: University of Maribor Press: 239–254.

Никодиновски, S. 2007.*Фигуративните значења на инсектите во францускиот и во македонскиот јазик*. Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“.

Саздов, С. 2004.*Семантичкото зборообразување во македонскиот стандарден јазик* (необјавена докторска дисертација). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ.

Симоска, С. 2010.*Контрастивни проучувања. Сложени именки во германскиот и во македонскиот јазик*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ.

*Литература на латиница*

Braun, P. 1997.*Personenbezeichnungen: Der Mensch in der deutschen Sprache*. Tübingen: Niemeyer.

Havryliv, O. 2009.*Verbale Aggression. Formen und Funktionen am Beispiel des Wienerischen*. Frankfurt am Main: Peter Lang.

Kövecses, Z.[2]2010.*Metaphor: A Practical Introduction*. New York: Oxford University Press.

Kuzmanovska, D. / Kirova, S. 2022."A Contrastive Study of German and Macedonian Proverbs and Sayings with an Animal Component".*JOURNAL OF EDUCATIONAL SCIENCES THEORY AND PRACTICE Vol. 17, No 2*. Štip: University "Goce Delčev".

Lakoff, G. / Johnson, M. 1980.*Metaphors we live by*. Chicago: University of Chicago Press.

Lakoff, G. 1987.*Women, Fire and Dangerous Things. What Categories Reveal about the Mind*. Chicago: University of Chicago Press.

Lakoff, G. / Turner, M. 1989.*More Than Cool Reason. A Field Guide to Poetic Metaphor*. Chicago: University of Chicago Press.

Simoska, S. 2012.*Gesundfutter statt Schnellgerichte. Neues zum alten Kompositionsmodell der deutschen Sprache*. Skopje: Philologische Fakultät „Blaže Koneski", Universität „Hll. Kyrill und Method".

Simoska, S. 2013.„Wenn Tiere, Pflanzen und Gegenstände zu Personen werden: Kompositametaphern als expressive Personenbezeichnungen". Kadzadej, B. / de Matteis, M. / Kraja-Prieser, J. / Röhling, J. / Schellenberg, W. Hrsg.Tirana: ATHENA-Verlag, 188-194.

## RESÜMEE

Mit ihrer Expressivität, Bildhaftigkeit und Metaphorik stellen die tierischen metaphorischen Personenbezeichnungenein einzigartiges Mittel zum Ausdrücken von Charaktereigenschaften, emotionalen und physischen Zuständen und so weiter. Das erklärt sich durch die Tatsache, dass aufgrund ihrer Präsenz und des unmittelbaren Kontaktes mit dem Menschen, unserer tiefen Kenntnisse ihrer Hauptcharakteristika, ihres Benehmens und ihrer Lebensweise, die Tiere eine relevante Grundlage für das Begreifen eines unbekannten und abstrakten Begriffs sind, in Anbetracht dessen, dass der Mensch immer danach greift, was ihm gut vertraut ist, um das Unbekannte und Abstrakte verstehen zu können. Das stimmt mit der kognitiven Theorie der Metapher überein, laut der die Metapher und die Metonymie als Mechanismen zum Transfer von Kenntnissen von einem Bereich in einen anderen es zeigen, dass zum vollständigen Verstehen eines abstrakten Begriffes ein anderes, konkretes, physisches Konzept einbezogen werden muss. Somit dienen die Erfahrungen von der physischen Welt als eine natürliche und logische Basis zur Erfassung von abstrakten Konzepten.

Ein signifikanter Teil der metaphorischen Personenbezeichnungen wurden in das deutsche bzw. mazedonische Lexikon eingetragen. Nichtsdestotrotz sind diese Bezeichnungenin der deutschen und mazedonischen einschlägigen Literatur kaum vorhanden und es besteht Bedarf an weiteren sprachpsy-

chologischen und kommunikationsbezogenen Analysen ihrer semantischen Auffälligkeiten. Wie wir gesehen haben, ist ihre Semantik nicht nur auf die Wortbedeutung bzw. die Bedeutung der Konsitutenten des Kompositums zurückzuführen, sondern hängt zudem von dem enzyklopädischen Hintergrundwissen ab, das über die potentiellen sekundären Semantisierungsprozesse herleitet. Eine detallierte, allumfassende kontrastive Analyse der deutschen und mazedonischen metaphorischen Personenbezeichnungen aus kulturpolitischem, soziolinguistischem, psycholinguistischem, konzeptuellem und Wortbildungsaspekt wurde bis dato nicht durchgeführt. Die metaphorischen Personenbezeichnungensind immerhin eine bildliche Darstellung der jeweiligen Sprachspezifika, Mentalitätsmuster, sowie der kulturellen Gemeinsamkeiten und Unterschiede zwischen den Völkern, da sie gleichermaßen sprachen- und kulturgebunden sind.